ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01 – 228/1
20.12. 2022 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 22, став 1, алинеја 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.Весник на Р.Македонија бр.24/2021 и 174/21), Советот за развој на Вардарски плански регион донесува:

# Годишен Акционен план за 2023 година за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион 2021-2026 година



Велес 2022 година

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*ул.Шефки Сали бр.4 1400 Велес*
*Тел:043/615-353*
www.vardarregion.gov.mk
info@vardarregion.gov.mk

Регионалниот развој на Република Северна Македонија е оригинален во насока на подигање на нивото на развој на планските региони до нивото на најразвиените региони во Европа. За да може да ја оствари оваа цел системот за поддршка на регионалниот развој ќе треба да биде координиран помеѓу повеќе министерства и владини институции и во себе да вклучува елементи на потикнување на соработка со невладиниот и бизнис-секторот во планскиот регион.

Основната рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата е дефинирана со Законот за регионален развој ("Службен весник на РМ" број 24/2021) и заедно со регулативата од повеќе други сектори го сочинуват р'бетот на идниот развој на замјата, додека Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за период 2021-2031 година и Програмата за развој на Вардарски плански регион 2021-2026 година се првите документи кои го сочинуват планот за регионален развој во иднина. Програмата за развој на Вардарски плански регион е еден од тие документи и се базира на основниот концепт на политиката на регионален развој: развивање и имплементација на полицентричен модел на развој.

При изработката на Програмата за развој на Вардарскиот регион 2021-2026 година, користени се расположливите национални документи од областа на регионалниот развој (Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија и Законот за рамномерен регионален развој) односно Стратегиите за локален (економски) развој на општините во состав на Вардарскиот регион. Соодветни на тоа, Програмата поаѓа од насоките за развој на регионот опишани во Националната Стратегија, како и од развојните цели и приоритети на составните општини и има за цел да обезбеди:

- намалување на диспаритетите во рамките на регионот, како и во однос на останатите плански региони, и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани;
- зголемување на конкурентност на Вардарски регион преку јакнење на иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на планските региони;
- зачувување и развивање на посебниот идентитет на Вардарскиот плански регион, како и негова афирмација и развој;
- ревитализација на селата и развој на подрачја со специфични развојни потреби;
- поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување на рамномерен регионален развој;
- подобрен капацитет за родово одговорно регионален развој на Вардарскиот регион.

Содржината на Акциониот план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион е уредена со Правилникот за Методологија за изработка на планските документи за регионален развој (Сл.весник на РМ бр.219/2021).

Согласно член 30 од методологијата, акциониот план е документ за спроведување на Програмата за развој и треба да ги содржи следните поглавја:

- кус вовед со образложение на законскиот основ за подготовка на Акцискиот план;
- опис на применетата методологија за подготовка на Акцискиот план;

- расчленување на планираните стратешки цели, приоритети и мерки со дефинираните индикатори во контекст на идентификување на фазите кога треба да се постигнат (временски ограничени);
- приоретизирање според нивото на значење и итноста за нивно извршување во дадениот период (вклучително и финансиски трошоци и човечки ресурси);
- подготовка на финансиски план на стратешки цели, приоритети и мерки и идентификување на изворите на финансирање;
- идентификување модели на интеракција помеѓу актерите во спроведување на програмата;
- налин на информирање на јавноста;
- анализа на ризикот и
- други елементи согласно потребите

Акциониот план е изготвен од надворешно стручно лице во координација со вработени од Центарот за развој на Вардарски плански регион и општинската администрација вработена одделенијата за локален економски развој од општините од Вардарски плански регион. Во текот на изработката на Акциониот план за имплементација на Програмата за развој на Вардарски плански регион, беа земени во предвид содржините и приоритетите на релевантните документи на Република Македонија, беше запазена родовата еднаквост, како и вклученоста на лицата во социјален ризик. Во рамките на Акциониот план се целосно пресликани приоритетите од Програмата за развој на Вардарски плански регион 2021-2026 година.

**Согласно Програмата за развој на Вардарски плански регион 2021-2026 дефинирани се следните стратешки цели и приоритети:**

| | |
|---|---|
| **Среднорочна цел 1** | Унапредување на инфраструктурата во регионот |
| **Приоритет 1.1** | Развој на комунална инфраструктура |
| **Приоритет 1.2** | Унапредување и модернизација на енергетска инфраструктура |
| **Приоритет 1.3** | Развој на инфраструктура за подобар економски развој |
| **Приоритет 1.4** | Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност |
| **Приоритет 1.5** | Подобрување на инфраструктура поврзана со туризмот |
| **Приоритет 1.6** | Подобрување на инфраструктура во здравство, социјала и образование |

| | |
|---|---|
| **Приоритет 1.7** | Подобрена урбанизација на општините |

| | |
|---|---|
| **Среднорочна цел 2** | Унапредување на економскиот развој во регионот |
| **Приоритет 2.1** | Зголемена конкурентност и промоција на еколошките производи во земјоделието |
| **Приоритет 2.2** | Санирање на последиците од пандемијата, модернизација на преработувачката индустрија и зголемување на бројот на работни места |
| **Приоритет 2.3** | Санирање на последиците од пандемијата и развој на туризмот во регионот |

| | |
|---|---|
| **Среднорочна цел 3** | Заштита на животна средина во регионот |
| **Приоритет 3.1** | Зголемено искористување на обновливите и чисти извори на енергија и инвестиции во енергетска ефикасност |
| **Приоритет 3.2** | Воведување и поддршка за селекција и рециклирање на отпадот |
| **Приоритет 3.3** | Намалување на индустриското загадување преку поддршка на фирмите кои испуштаат штетни материи |
| **Приоритет 3.4** | Заштита на луѓето од разни загадувања |
| **Приоритет 3.5** | Заштита на природата и одржливо управување со природни ресурси |

| | |
|---|---|
| **Среднорочна цел 4** | Зајакнување на човечките потенцијали |
| **Приоритет 4.1** | Подобрување на социјални услуги во регионот |
| **Приоритет 4.2** | Подобрен квалитет на наставата во основните и средни училишта |
| **Приоритет 4.3** | Зачувување на безбедноста на луѓето и нивните имоти |
| **Приоритет 4.4** | Подобрување на примарната здравствена заштита |
| **Приоритет 4.5** | Подобрена соработка со невладиниот сектор |
| **Приоритет 4.6** | Квалификација на работната сила |

| | |
|---|---|
| **Среднорочна цел 5** | Задржување на младите во Регионот |
| **Приоритет 5.1** | Создавање на услови за работа и пристоен живот на младите во регионот |

Акциониот план за имплементација на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2022 година е претставен преку табеларен приказ кој ги следи среднорочните цели на програмата, и дава преглед на мерките и активностите кои што Центарот за развој на Вардарски плански регион планира да ги превземе за остварување на стратешките цели предвидени во програмата, како и соодветните индикатори за изведба и изворите на информации за нивна верификација. Исто така Акциониот план ги посочува и финансиските средства за имплементација на активностите и можните извори за финансирање и носителите на активностите.

**Извори на финансирање на регионалниот развој согласно член 35 од Законот за рамномерен регионален развој се:**

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
- фондовите на Европската унија;
- други меѓународни извори;
- донации и спонзорства од физички и правни лица и
- други средства утврдени со закон.

Инструменти за поттикнување на рамномерниот регионален развој во РСМ се капитални влогови, неповратни грантови субвенции и други инструменти согласно со закон. За поттикнување на рамномерниот регионален развој се врши финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи, акциони планови и проектни документации кои исполнуваат услови за финансирање, како и финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој во Република Северна Македонија.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

| Ред. Бр. | Стратешки цели/ Приоритети/ Мерка | Активност | Временска рамка | Вкупна вредност на проектот | Извори на финансирање | Носители на активности/ Партнери | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Среднорочна цел 1**<br>**Унапредување на инфраструктурата во регионот** | | | | | | | |
| 1 | **Приоритет 1.1**<br>Развој на комунална инфраструктура<br><br>**Мерка**<br>Изградба на одводни системи во сите населени места во регионот | Зачувување на животната средина во Вардарски плански регион преку проширување на канализационата инфраструктура во општина Демир Капија | Јануари-Декември 2023 година | 8.979.034,00 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/ Општина Демир Капија | Подобрена комунална инфраструктура;<br><br>Број на корисници на новата канализациона структура (мажи и жени); |
| 2 | **Приоритет 1.1**<br>Развој на комунална инфраструктура<br><br>**Мерка:**<br>ЈПП за изградба и управување со комунални дејности | Набавка на трактор со приклучна механизација за поголема заштита на животната средина во општина Лозово | Јануари-Декември 2023 година | 2.686.775,00 | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Центар за развој на Вардарски плански регион/ Општина Лозово/ЈКП Лозово | Број на исчистени канали;<br><br>Број на реализирани активности со цел заштита на животната средина во општина Лозово;<br><br>Број на корисници на услугите (мажи и жени) |

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*ул.Шефки Сали бр.4 1400 Велес*
*Тел:043/615-353*
www.vardarregion.gov.mk
info@vardarregion.gov.mk

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **Приоритет 1.1**<br>Развој на комунална инфраструктура<br><br>**Мерка:**<br>ЈПП за изградба и управување со комунални дејности | Набавка на повеќенаменски трактор со приклучна механизација за чиста Чашка | Јануари-Декември 2023 година | 2.706.000,00 | Јапонска амбасада со седиште во Скопје<br><br>Кофинансирање од општина Чашка во висина од 60.000,00 ден | Центар за развој на Вардарски плански регион/ Општина Чашка/ЈКП Чашка | Број на исчистени канали;<br><br>Број на реализирани активности со цел заштита на животната средина во општина Чашка;<br><br>Број на корисници на услугите (мажи и жени) |
| 4 | **Приоритет 1.1**<br>Развој на комунална инфраструктура<br><br>**Мерка:**<br>ЈПП за изградба и управување со комунални дејности | Заштита на животната средина и подобрување на комуналните услуги во општина Росоман, преку набавка на специјализирано возило за собирање отпад | Јануари-Декември 2023 година | 4.674.000,00 | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Општина Росоман/ Центар за развој на Вардарски плански регион/ЈКП Росоман | Број на исчистени диви депони;<br><br>Килограми исфрлен смет;<br><br>Број на корисници на услугите (мажи и жени) |
| 5 | **Приоритет 1.3**<br>Развој на инфраструктурата за подобар економски развој<br><br>**Мерка 6**<br>Изработка на проекти за инфраструктурни објекти | Развој на инфраструктура за подобар економски развој во регионот, преку изградба на пазар за продажба на | Јануари-Декември 2023 година | 9.604.310,00 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Лозово | Изграден зелен пазар во општина Лозово;<br><br>Подобрени инфраструктурни услуги за продажба на земјоделски производи за побезбеден пристап |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приоритет 2.1**<br>Зголемена конкурентност и промоција на еколошките производи во земјоделството<br><br>**Мерка 8**<br>Поддршка на земјоделците при продажба на нивните производи | земјоделски производи | | | | | на стари и изнемоштени лица, лица со инвалидност и останати ранливи категории;<br><br>Зголемен откуп на земјоделски производи во Вардарскиот плански регион;<br><br>Намален отпад; |
| 6 | **Приоритет 1.3**<br>Развој на инфраструктурата за подобар економски развој<br><br>**Мерка 6**<br>Изработка на проекти за инфраструктурни објекти<br><br>**Приоритет 2.1**<br>Зголемена конкурентност и промоција на еколошките производи во земјоделството<br><br>**Мерка 8**<br>Поддршка на земјоделците при продажба на нивните производи | Развој на инфраструктура за подобар економски развој во регионот, преку изградба на пазар за продажба на земјоделски производи **(втора фаза)** | Јануари-Декември 2023 година | 8.298.991,47 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Лозово | Изграден зелен пазар во општина Лозово;<br><br>Подобрени инфраструктурни услуги за продажба на земјоделски производи за побезбеден пристап на стари и изнемоштени лица, лица со инвалидност и останати ранливи категории;<br><br>Зголемен откуп на земјоделски производи во |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Вардарскиот плански регион;<br><br>Намален отпад; |
| 7 | **Приоритет 1.4**<br>Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност<br><br>**Мерка**<br>Патна инфраструктура<br><br>**Приоритет 1.5**<br>Подобрување на инфраструктура поврзана со туризмот<br><br>**Мерка**<br>Обезбедена достапност до туристички и излетнички места, верски објекти | Подобрување на патната инфраструктура до туристичкиот локалитет Била Зора преку реконструкција на патот Ѓуземелци - Кнежје, општина Лозово | Јануари-Декември<br><br>2023 година | 6.800.000,00 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Лозово | Подобрена патна инфраструктура;<br><br>Зголем број на туристи (мажи и жени);<br><br>Зголемени приходи и подобар животен стандард на жителите од регионот (мажи и жени); |
| 8 | **Приоритет 1.4**<br>Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност<br><br>**Мерка**<br>Патна инфраструктура | Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на патиштата, преку реконструкција на | Јануари-Декември<br>2023 година | 10.112.441,88 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Чашка | Подобрена патна инфраструктура;<br><br>Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пат во општина Чашка | | | | | |
| 9 | **Приоритет 1.4**<br>Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност<br><br>**Мерка**<br>Пристапни патишта до обработливи површини- тампонирање на патеките и патиштата | Подобрување на патната инфраструктура во подрачја со земјоделска дејност и обработливи површини во ВПР | Јануари-Декември 2023 година | Финансиски средства согласно проектна документација | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Програма за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/ Општини од Вардарски плански регион | Подобрена патна инфраструктура до земјоделски обработливите површини во општините партнери во проектот;<br><br>Зголемен број на семејства кои обработуваат земјоделско земјиште; |
| 10 | **Приоритет 1.4**<br>Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност | | Јануари-Декември 2023 година | Финансиски средства согласно проектна документација | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој Програма за финансиска поддршка на руралниот развој **Мерка 321** | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општини од ВПР | Подобрена инфраструктура во општините во ВПР;<br><br>Поттикнат економски развој преку зголемени посети во регионот; |
| | **Приоритет 1.4**<br>Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност | Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на | Јануари-Декември 2023 година | 13.588.594,00 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/ | Подобрена патна инфраструктура во општините во регионот преку реконструкција на локални патишта; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | **Мерка** Патна инфраструктура | патиштата, преку реконструкција на патишта во општините Градско и Чашка | | | | Општина Чашка и Градско | Подобрени услови за живот во регионот (мажи и жени) |
| 12 | **Приоритет 1.5** Подобрување на инфраструктура поврзана со туризмот | | Јануари-Декември | Финансиски средства согласно проектна документација | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој- Програма за финансиска поддршка на руралниот развој **Мерка 322** | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општини од ВПР | Подобрена инфраструктура во општините во ВПР; Поттикнат економски развој преку зголемени посети во регионот; |
| 13 | **Приоритет 1.5** Подобрување на инфраструктура поврзана со туризмот | | Јануари-Декември 2023 година | Финансиски средства согласно проектна документација | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој- Програма за финансиска поддршка на руралниот развој **Мерка 323** | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општини од ВПР | Подобрена инфраструктура во општините во ВПР; Поттикнат економски развој преку зголемени посети во регионот; |
| 14 | **Приоритет 1.5** Подобрување на инфраструктура поврзана со туризмот | | 2023-2024 година | Финансиски средства согласно проектна документација | ИПА Програма за Прекугранична соработка ,,Грција - Република Северна Македонија" 2021-2027 | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Кавадарци | Подобрена инфраструктура во општините во ВПР; Поттикнат економски развој преку зголемени посети во регионот; Број на посетители (мажи и жени); |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Број на одржани настани. |
| 15 | **Приоритет 1.5** Подобрување на инфраструктура поврзана со туризмот | | 2023-2024 година | Финансиски средства согласно проектна документација | ЕУ | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општини од Вардарски плански регион | Подобрена инфраструктура во општините во ВПР;<br><br>Поттикнат економски развој преку зголемени посети во регионот;<br><br>Број на посетители (мажи и жени);<br><br>Број на одржани настани; |
| 16 | **Приоритет 1.5** Подобрување на инфраструктура поврзана со туризмот | Зајакнување на капацитетите за развој и промоција на туризмот во општините Велес, Градско, Неготино и Росоман | Јануари-Декември 2023 година | 33.774.315,00 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Велес, Градско, Неготино и Росоман | Реконструирана површина во општините од ВПР;<br><br>Број на корисници на новата урбана опрема (мажи и жени);<br>Број на одржани манифестации на реконструираните површини;<br><br>Број на посетители (мажи и жени) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **17** | | | Јануари-Декември 2023 година | Финансиски побарувања согласно проектна документација | Министерство за локална самоуправа Средства согласно Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2023 година | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општини од Вардарски плански регион | Подобрена инфраструктура во ВПР; |
| **18** | **Приоритет 1.6**<br>Подобрување на инфраструктурата во здравство, социјала и образование<br>**Мерка**<br>Градба и реновирање на објекти од здравство, социјални услуги и образовни услуги во регионот<br>**Приоритет 2.3**<br>Санирање на последиците од пандемијата и развој на туризмот во регионот<br>**Мерка**<br>Поттикнување и промоција на руралниот и транзитниот Туризам<br>**Мерка**<br>Промоција на здравствениот, верскиот и културен туризам | Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман | Јануари-Декември 2023 година | 27.087.657,00 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Велес, Свети Николе, Росоман | Уредени/реконструирани 4 (четири) локации во 3 (три) општини од ВПР и поставена урбана опрема на истите;<br><br>Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во општините Велес,Свети Николе и Росоман;<br><br>Број на корисници на ново поставената урбана опрема (мажи и жени); |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | | Подобрување на инфраструктурата во регионот | Јануари-Декември 2023 година | Финансиски побарувања согласно проектна документација | Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој ПРРР за 2023 година –Подрачја со специфични развојни потреби | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општини од ВПР | Подобрена инфраструктура во ВПР; Подобрени услови за живот во регионот (мажи и жени); |
| 20 | | Изработка на техничка документација | Јануари-Декември 2023 година | Финансиски побарувања согласно проектна документација | Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општини од ВПР/ СИДА/УНДП | Број на изработени проекти; Број на корисници на услугите (мажи и жени); Број на одржани работилници (мажи и жени) |
| **Ред. Бр.** | **Стратешки цели/ Приоритети/ Мерка** | **Активност** | **Временска рамка 2022 година** | **Вкупна вредност на проектот** | **Извори на финансирање** | **Носители на активности** | **Индикатори** |
| **Среднорочна цел 2 Унапредување на економскиот развој во регионот** | | | | | | | |
| 21 | **<u>Приоритет 2.2</u>** Санирање на последиците од пандемијата, модернизација на | Финансиска поддршка на регионалниот | 2022-2024 | 880.000,00 | Министерство за локална самоуправа и Швајцарска | Центар за развој на Вардарски плански регион | Број на поддржани проекти; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | преработувачката индустрија и зголемување на бројот на работни места<br><br>**Мерка:**<br>Зголемено користење на фондовите за поддршка на фирмите | бизнис-центар во рамки на Центарот за развој на Вардарски плански регион | | | агенција за развој и соработка | | Број на одржани настани (присуство на мажи и жени);<br><br>Број на развиени и апицирани проектни апликации; |
| 22 | **Приоритет 2.2**<br>Санирање на последиците од пандемијата, модернизација на преработувачката индустрија и зголемување на бројот на работни места | Финансиска поддршка и соработка во реализацијата на активностите од проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој –II Фаза, за фискалната 2023 година | 2022-2024 година | 707.000,00 | Министерство за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка | Центар за развој на Вардарски плански регион | Број на реализирани работилници;<br><br>Број на учесници/учеснички<br><br>Број на поддржани проекти;<br><br>Број на корисници/корисничи ки на услуги |

| Ред. Бр. | Стратешки цели/ Приоритети/ Мерка | Активност | Временска рамка 2023 година | Вкупна вредност на проектот | Извори на финансирање | Носители на активности | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | **Приоритет 2.2**<br>Санирање на последиците од пандемијата, модернизација на преработувачката индустрија и зголемување на бројот на работни места | Финансиска поддршка за реализација на проекти согласно Стратегијата за смарт специјализација во Вардарски плански регион | Јануари Декември 2023 година | 3.082.406,00 | Министерство за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка | Центар за развој на Вардарски плански регион | Број на корисници/корисни чки на услугата; |
| **Среднорочна цел 3**<br>**Заштита на животна средина во регионот** | | | | | | | |
| 24 | **Приоритет 3.4**<br>Заштита на луѓето од разни загадувања<br><br>**Мерка:**<br>Обнова на возниот парк на патнички возила во јавниот и приватниот сектор | Развој и унапредување на условите за одржување на чиста и здрава околина, преку набавка на специјализирани возила за одржување на хигиената на јавни површини во општините Демир Капија и Неготино | Јануари-Декември 2023 година | 13.364.000,00 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион | Набавено мултифункционалн о возило за чистење за општина Демир Капија и Неготино;<br><br>Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и граѓанките во поздрава и почиста животна средина во општините Демир Капија и Неготино; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **25** | **Приоритет 3.5**<br>Заштита на природата и одржливо управување со природни ресурси<br><br>**Мерка 4**<br>Валоризација на природните ресурси<br><br>**Мерка 5**<br>Изработка на проекти за заштита на реките, езерата, шумите, изворите | Подобрување на животната средина преку доизградба на речното корито на реката Луда Мара | Јануари – Декември 2023 година | 36.505.188,00 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Кавадарци | Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и граѓанките во поздрава и почиста животна средина во општина Кавадарци;<br><br>Број на посетители (мажи и жени) |
| **26** | **Приоритет 3.5**<br>Заштита на природата и одржливо управување со природни ресурси<br><br>**Мерка**<br>Основање на Регионален стационар за згрижување на кучиња скитници | Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион Грантова шема за инвестициски проект во ВПР | 2022-2024 година | 20.916.000,00 | Министерство за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка – Инвестициски проект со дигитална компонента од Грантовата шема на проектиот,, Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој –II Фаза | Центар за развој на Вардарски плански регион | Основање на регионален стационар за згрижување на кучиња скитници;<br><br>Број на згрижени кучиња скитиници;<br><br>Број на ново вработени лица; |
| **Ред. Бр.** | **Стратешки цели/ Приоритети/ Мерка** | **Активност** | **Временска рамка 2022 година** | **Вкупна вредност на проектот** | **Извори на финансирање** | **Носители на активности** | **Индикатори** |

**<u>Среднорочна цел 4</u>**
**Зајакнување на човечките потенцијали**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | **Приоритет 4.2**<br>Подобрен квалитет на наставата во основните и средните училишта | Подобрување на условите за спорт и рекреација во образованието, во општина Свети Николе | Јануари-Декември 2023 година | 8.000.000,00 | Биро за регионален развој | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општина Свети Николе | Подобрена спортска инфраструктура во образовните институции;<br><br>Број на одржани спортски настани на кои учествувале деца од машки и женски род; |
| 28 | **Приоритет 4.2**<br>Подобрен квалитет на наставата во основните и средните училишта | | Јануари – Декември 2023 година | Финансиски побарувања согласно проектна документација | Национална агенција за образовни можности | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општини од Вардарски плански регион | Подобрени услови и услуги во образованието;<br><br>Број на корисници/учесници во новите програми ученички и ученици (машки, женски) ; |
| 29 | **Приоритет 4.2**<br>Подобрен квалитет на наставата во основните и средните училишта | | Јануари – Декември 2023 година | 300.000,00 | Германска амбасада со седиште во Скопје | Центар за развој на ВПР/Општини од Вардарски плански регион | Подобрени услови во основните училишта во ВПР;<br><br>Број на набавена нова опрема;<br><br>Број на набавени наставни помагала;<br><br>Број на корисници ученички и ученици |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | (машки, женски) на новата опрема; |
| 30 | **Приоритет 4.2** Подобрен квалитет на наставата во основните и средните училишта | | Јануари – Декември 2023 година | 900.000,00 | Полска амбасада со седиште во Скопје | Центар за развој на ВПР/Општини од Вардарски плански регион | Подобрени услови во основните училишта во ВПР;<br><br>Број на набавена нова опрема;<br><br>Број на набавени наставни помагала;<br><br>Број на корисници ученички и ученици (машки, женски) на новата опрема |
| 31 | **Приоритет 4.2** Подобрен квалитет на наставата во основните и средните училишта | | Јануари – Декември 2023 година | 1.200.000,00 | Чешка амбасада со седиште во Скопје | Центар за развој на ВПР/Општини од Вардарски плански регион | Подобрени услови во основните училишта во ВПР;<br><br>Број на набавена нова опрема;<br><br>Број на набавени наставни помагала;<br><br>Број на корисници ученички и ученици (машки, женски) на новата опрема; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | **Приоритет 4.2**<br>Подобрен квалитет на наставата во основните и средните училишта | | Јануари – Декември 2023 година | 3.100.000,00 | Јапонска амбасада со седиште во Скопје | Центар за развој на ВПР/Општини од Вардарски плански регион | Подобрени услови во основните училишта во ВПР;<br><br>Број на набавена нова опрема;<br><br>Број на набавени наставни помагала;<br><br>Број на корисници ученички и ученици (машки, женски) на новата опрема;<br><br>Реконструирани образовни објекти; |
| **Ред. Бр.** | **Стратешки цели/ Приоритети/ Мерка** | **Активност** | **Временска рамка** | **Вкупна вредност на проектот** | **Извори на финансирање** | **Носители на активности** | **Индикатори** |
| **Среднорочна цел 5**<br>**Задржување на младите во Регионот** | | | | | | | |
| 33 | **Приоритет 5.1**<br>Создавање на услови за работа и пристоен живот на младите во регионот<br><br>**Мерка:**<br>Регионална поддршка на претприемништвото и почетните бизниси, со посебен фокус на женското | Креирање на иновациски екосистем за поддршка на можностите за вработување на млади таленти од секторот за | Април 2022 - Октомври 2023 година | 7.700.000.00 | ИПА Програмата за Прекугранична соработка „Грција - Република Северна Македонија" 2014-2020 | Здружение на компании за информатичка технологија од Северна Грција/Фондација ПРЕДА ПЛУС/Центар за развој на | Функционален регионален хаб (број на корисници мажи и жени;<br><br>Број на одржани обуки (учесници и учеснички) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | претприемништво преку креирање на инструменти за поддршка, (бизнис центри, инкубатори, гарантен фонд, почетен фонд за основање на фирми, акцелератори) | информатички технологии во прекуграничниот регион" (INNO-ECOSYSTEM) | | | | Вардарски плански регион | |
| 34 | **Приоритет 5.1** Создавање на услови за работа и пристоен живот на младите во регионот | | Јануари-Декември 2023 година | Финансиски побарувања согласно проектна документација | ИПА Програмата за Прекугранична соработка ,,Грција - Република Северна Македонија" 2021-2027 | Центар за развој на Вардарски плански регион/Општини од ВПР/Република Грција | |
| 35 | **Приоритет 5.1** Создавање на услови за работа и пристоен живот на младите во регионот<br><br>**Мерка** Промоција и поддршка на развојот на социјалното претприемништво | Поддршка на социјални претпријатиа | Јануари – Март 2023 година | 626.280,00 | ЕУ | Конзорциум Барка/Ептиса/Екорис во соработка со Министерство за труд и социјална политика | Број на ново отворени социјални претпријатија (мажи и жени) |

Од клучно значење за имплементацијата на Програмата за развој на ВПР е сите заинтересирани страни да развијат однос на сопственост на Програмата. Во оваа насока активностите за информирање и комуникација на политиката на рамномерен регионален развој во ВПР и општо во РСМ се од посебно значење. Овие активности треба да имаат за цел:

- запознавање на пошироката јавност со целите на политиката на рамномерен регионален развој и со целите и приоритетите на Програмата за развој на ВПР 2021-2026;
- сензибилизирање на сите целни групи;
- појаснување на улогите на секоја целна група одделно;

- споделување на информации помеѓу донесувачите на одлуки, заради координирана имплементација на политиката на рамномерен регионален развој, како и
- обезбедување на навремени информации во функција на подготовка на квалитетни проекти.

Центарот за развој на ВПР и Советот на ВПР во зависност од целта на информирањето и комуникацијата ќе мора да соработуваат со различни целни групи. Поаѓајќи од целите на информирањето и комуникацијата, целните групи можат да бидат структурирани во две групи: екстерни и интерни.

Во екстерните целни групи можат да бидат вклучени:

- Граѓаните од ВПР и пошироко, како корисници на услуги,
- Граѓански организации од ВПР и пошироко, како учесници во процесот на утврдување на потребите и приоритетите,
- Бизнис - асоцијации од ВПР и пошироко, како учесници во процесот на утврдување на потребите и приоритетите,
- Медиуми од ВПР и пошироко, како канали за информирање и комуникација,
- Донатори.

**Во интерните целни групи може да се препознаат:**

- Членовите на Советот за рамномерен регионален развој на РСМ, ( надлежни министри и градоначалници, претседатели на Советите на планските региони)
- Членовите на Советите на ВПР и другите плански региони
- Претседателите на Советите на ЕЛС од ВПР и од другите плански региони,
- Државни службеници на централно ниво (раководни државни службеници во министерствата кои што работат на имплементирање на програми од регионално значење),
- Државни службеници на локално ниво (државните службеници во секторите за локален развој),
- Другите Центри за развој на планските региони.
-

При реализацијата на Акциониот план ќе се води сметка за родовиот паритет при ангажирање на испорачителите на услуги, родов паритет на корисниците на услугите и дизејнирање на интервенциите со кои ќе се земаат во предвид различните потреби на девојчињата и момчињата.

Во процесот на следење ќе се инкорпорира родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање на програмата. Форматот за известување и индикатори со кои ќе се следи реализацијата на акциониот план од родов аспект ќе биде подготвена од Центарот на планскиот регион.

Информирањето на јавноста и комуникацијата помеѓу сите клучни чинители и засегнати целни групи, Советот за развој на Вардарски плански регион и Центарот за развој на Вардарски плански регион ќе го извршуваат преку електронските и печатените медиуми, интернет, печатени информативни материјали, организирани форуми, промотивни настани и сл.

Овој начин на информирање и комуникација најголем ефект ќе произведе преку реализација на серија на различни активности организирани од страна на носителите на политиката на рамномерен регионален развој, кои што ќе бидат насочени кон една или повеќе целни групи.

Следењето на имплементацијата на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион ќе овозможи соодветна динамика на реализација на активностите .

Следењето ќе се врши преку анализа на печатените и електронските медиуми, преку интерактивноста на веб-страниците на МЛС, Бирото за регионален развој, Центарот за развој на ВПР, преку многубројните активности (седници на Советот на ВПР, форуми со бизнис - секторот, со граѓанскиот сектор, организирани информативни денови, прес конференции и сл.), преку извештаите за реализација на Програмите за развој на ВПР, што ги подготвува Центарот за развој на Вардарски плански регион, како и преку извештаите за тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој

**ИЗГОТВУВА:**
Центар за развој на Вардарски плански регион

Директор
Сашо Мошев

**ДОНЕСУВА:**
Совет за развој на Вардарски плански регион

Претседател
Дејан Владев

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*ул.Шефки Сали бр.4 1400 Велес*
*Тел:043/615-353*
www.vardarregion.gov.mk
info@vardarregion.gov.mk